**Национална установа Универзитетска библиотека**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**



***Работно време:***
***од понеделник до петок***
***од 7 до 20 часот***
***сабота***
***од 8 до 15 часот***

***Упис: 150 денари***

кјп Нискоградба

ХС Стрежево Битола

Ј. П. Комуналец Битола

Јавно комунално претпријатие Водовод Битола

РЕК - Битола

**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ
ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

**Издавач**
Национална установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“
Битола
ул. Ленинова 39

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски,
директор

**Издавачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател
Јоланда Бошевска,
виш библиотекар
Гордана Марковска

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

**Лектура и коректура**
??????

**Фотографии**
Маријан Котевски

**Компјутерска обработка и печат**
Академски печат - Скопје

**Тираж**
300 примероци

**ISSN 1409 - 9497**

Тел: 047/220-208;
Тел/факс: 047/220-515;
Тел на Изд.: 232-999
www.nuubt.uklo.edu.mk
e-mäil: nuubt@uklo.edu.mk

# СОДРЖИНА

**БИБЛИОТЕКА – ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА**
РЕНОВИРАЊЕ НА СТАРИОТ ДЕЛ И НАДГРАДБА НА НОВИОТ ДЕЛ НА БИБЛИОТЕКАТА
*Приредил Науме Ѓорѓиевски, директор* ........ 2
РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО НУУБ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ЗА 2009 ГОДИНА
*Приредила Ленче Андоновска* ........ 3
ПРОМОЦИЈА НА БИБЛИОГРАФИЈАТА ЗА БИБЛИОТЕКАТА
*Промотор Анита Ангелевска* ........ 4
НАКРАТКО ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОГРАФИЈАТА ЗА БИБЛИОТЕКАТА
*Приредила Јоланда Бошевска, виш библиотекар* ........ 5
ПРОМОЦИЈА НА КНИЖЕВНИОТ ЗБОРНИК НА БИТОЛСКИ ПИСАТЕЛИ
*Приредиле Ленче Андоновска и Гордана Пешевска* ........ 6
ЧЕТВРТА СРЕДБА НА РОДНОКРАЈНИТЕ ПИСАТЕЛИ ВО БИБЛИОТЕКАТА
*Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник* ........ 7
35 СОБРАНИЕ НА БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА ........ 11

**ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА**
ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА „ЛЕНИН“ ВО МОСКВА
*Приредил Науме Ѓоргиевски, директор* ........ 12
ДЕЛЕГАЦИЈА ОД БИБЛИОТЕКАТА „ИВАН ВАЗОВ“ ОД ПЛОВДИВ ........ 13
ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА ОД ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИЗУМ, МАРИБОР
*Приредила Гордана Пешевска, систем инженер* ........ 14
МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРИ ВО ВРОЦЛАВ
*Приредила Марија Малгожата Мачковска, виш библиотекар* ........ 15

**БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ**
ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ
*Приредил Драги Кабровски* ........ 16

**СЕДУМТЕ СВЕТСКИ ЧУДА**
ПЕТРА ВО ЈОРДАН
*Приредила Лидија Мирчевска,виш библиотекар* ........ 23

**ДА ВИ ГИ ПРЕТСТАВИМЕ**
ИЗБОР ОД НАЈНОВАТА СТИХОЗБИРКА „ЧЕСТ“ НА КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ ........ 24
ОВОСВЕТСКИ КОТЕЛ
*Автор Никола Кочовски* ........ 25
**ОД ЖИВОТОТ НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ**
БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСУРЗИЈА
*Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник* ........ 27
ПРВО МЕСТО ЗА БИБЛИОТЕКАРОТ - ПИНГПОНГАР БЛАГОЈА БОШЕВСКИ
*Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник* ........ 28
УЧИТЕЛОТ СО НИЧЕОВИОТ ЧЕКАН
*Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник* ........ 29

**КУЛТУРА...БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ**

# РЕНОВИРАЊЕ НА СТАРИОТ ДЕЛ И НАДГРАДБА НА НОВИОТ ДЕЛ НА БИБЛИОТЕКАТА



*Науме Ѓоргиевски, директор*

После триесет години од изградбата на новото крило на Библиотеката, во средината на јуни започна да се работи на негова надградба со која ќе се добијат 500 метри квадратни корисна површина. Библиотеката ќе добие две најсовремени читални во кои на читателите ќе им биде достапна целокупната домашна и странска периодика, монографски публикации како и дигитализирани библиотечни материјали на ЦД и ДВД. Исто така од посебно значење за читателите и градот ќе биде современата сала за промоции, предавања, симпозиуми и тн., каде преку соодветна современа технологија ќе може да се следи и симултан превод на истите.

Во втората фаза ќе се обрати внимание на ентериерното уредување на новиот дел, така што планираме истиот да го пуштиме во употреба на 24 мај 2010 година, на денот на светите браќа Кирил и Методиј.

Всушност, на еден ваков капитален проект не натера и потребата да го заштитиме новото крило од поројните дождови кои ги пробиваа неговите постоечки рамни бетонски плочи кои служеа како кров. Со една ваква надградба, Библиотеката перспективно ќе реши и еден друг голем проблем – недостатокот на магацински простор за библиотечниот фонд. Во досегашните две читални ќе биде префрлен дел од фондот сместен во магацинот за книги.

Свесни сме дека оваа надградба на новото крило има и историско значење за Библиотеката и градот и затоа сакаме да им се заблагодариме на Министерството за култура која целосно го финансира овој проект, на **архитектот Тања Јосифовска** која го изготви проектот и на надзорниот **инженер Зоран Алтипармаковски.** Исто така овие професионалци **го уредуваа холот и ходникот на новото крило и го вршеа надзорот на работите при реставрацијата и конзервацијата на фасадата на старото крило од Библиотеката** во изминатите две години.

Оваа година беше заменета столаријата во стариот дел – прозорците, проект кој е исто така финансиран од Министерството за култура.





*Старото и новото крило на Библиотеката*

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО НУУБ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ЗА 2009 ГОДИНА



*Приредила: Ленче Андоновска - виш библиотекар*

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола, за реализација во 2009 година, имаше поднесено повеќе проекти до Министерството за култура на Република Македонија и еден проект до Комисијата за култура при Собранието на Република Македонија.

На наше големо задоволство, а истовремено и голема обврска за нашата установа, ни беа одобрени неколку капитални проекти. Заради почитување на законските рокови за одобрените проекти предвидени во Договорите за финансирање, веднаш по потпишувањето на истите се отпочна со нивна реализација.

Се работеше плански во поглед на временските периоди, почитување на законската регулатива, добивање на соодветна документација и слично.

**Реализирани се следните проекти:**

1.Замена на старата дограма со нова на стариот објект од зградата на Библиотеката, и во целост е реализиран наведениот проект, со што е заокружен надворешниот изглед на старата зграда на Библиотеката, на која беше претходно во 2008 година направена конзервација и реставрација на фасадите на стариот дел од зградата на Библиотеката која е споменик на култура,

2.Сите законски процедури околу добивањето на сите потребни документи за изградба на поткровје на новиот дел од зградата на Библиотеката се реализирани и добиена е целосно потребната документација, а сега е во тек изградбата на поткровјето, со што Библиотеката ќе добие корисен простор од 500м2,

3.Издадена е книгата Ванчо Николески - Раскази и народни песни (од ракопис до книга), која ја уредија Анета Стафановска и Науме Ѓоргиевски,

4.Брошура со наслов „Од љубов кон Пелистер засекогаш на Еверест“, по повод 20 години од смртта на Димитар Илиевски - Мурато, а главен и одговорен уредник е Николче Вељановски,

5.Книга „Книжевен зборник на битолски писатели“, со која се збогатува книжевно - историската вредност во линијата на континуитетот на книжевна Битола, од авторите Ленче Андоновска и Гордана Пешевска,

6.Континуирано се врши набавката на книги според одобрените финансиски средства од Министерството за култура,

7. Проектот за набавка на нови членски карти е реализиран и потребно е уште да се изврши инсталацијата,

8.Осовременување на одделението за заштита и репрографија е во завршна фаза, набавени се сталажи за поставување на книжниот фонд со што ќе се овозможи полесен пристап до книгите,

9.Одржана е Четвртата роднокрајна средба со битолските писатели на 28.05.2009 година, на која поголем дел од битолските автори се претставија со дел од нивното творештво,

10.Се одржа Тркалезна маса со роднокрајните писатели од Четвртата роднокрајна средба, на ден 29.05.2009 година во Библиотеката. Медијатор на Средбата д-р Николче Вељановски.

11.Се реализира проектот од меѓународна соработка помеѓу нашата библиотека и библиотеката од Москва, Русија во месец јуни 2009 година.

Во тек на истражување и прибирање на материјали се и следните проекти:

1.Во завршна фаза е припремата на книгата „Библиотеките во Битола“,

2.Од ризницата на стари цркви во Битолско - мултимадијален ЦД-ром (втора фаза),

3.Заштита на стари и ретки книги во Битола и Битолско,

4. Во припрема е Каталогот за одделението за деца,

5.Објавен е оглас за прибирање на понуди за реализирање на проектот „Обезбедување на книжниот фонд“.

Се надеваме дека со ова темпо на работа од страна на сите вработени во Библиотеката, одобрените проекти ќе бидат реализирани и пред истекот на предвидените рокови.

# ПРОМОЦИЈА НА БИБЛИОГРАФИЈАТА ЗА БИБЛИОТЕКАТА



*Промотор - Анита Анѓелевска*

На почетокот сакам да ве поздравам овде сите присутни, а особено задоволство ми е што постојано, на Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола не и недостсува инспиративност во организирањето настани и промоции на дела, текстови и автори, а тоа пак резултира редовно со одбрана публика-вљубеник во книжевноста, книгата, словото. Според етимологијата на терминот библиографија – тој е со грчко потекло и нејзиниот прв превод би бил „познавање на книгите". Според Вујаклија, „библиографија е помошна наука која се занимава со што поцелосно собирање и опис на печатени дела, во една научна област или пак целокупната книжевност на еден народ".

Книгата „Библиографијата на Националната установа универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски" – Битола од 1945 -2008", е паметник за оваа институција, зашто во себе содржи историски податоци за развојот на библиотеката, систематизирани како резултат на истражувањето на македонскиот и странскиот печат кое се однесува на периодите пред основањето, основањето како градска библиотека, нејзиното прераснување во Матична и универзитетска библиотека, па осовременувањето и автоматизацијата на библиотечните процеси и конечно периодот кога оваа установа стекнува статус национална установа.

Што и како истражувал тимот кој што го редактирал ова издание најверојатно ќе имаме прилика да чуеме изворно од нив, а во оваа прилика само честитки за систематски и високо професионално сработениот труд. Зошто е важно едно вакво библиографско издание, посветено токму на оваа национална установа? - Затоа што без малку тоа е цивилизациска придобивка, останува траен документ, мементо за идните генерации, кое пак од овој момент ќе им биде од корист на сите оние во чиј фокус ќе се најде Библиотеката.

Од сега за во иднина, трајно остануваат документирани сите изданија на библиотеката, сите активности, сите случувања во еден период поголем од 6 децении, а кои во суштина значат живот и секојднев-



ни активности на оваа установа. Тие добија своја артикулација во едно вакво книжно издание и остануваат трајно сведоштво, стануваат историја, но истовремено и одлична алатка во градењето претстава и профилирањето на оваа институција.

Сигурно, многумина и од научни и истражувачки мотиви ќе се повикаат и ќе ја користат оваа библиографија, покрај мноштвото добронамерници кои само ќе добијат уште една потврда за големината на чинот и воопшто мисијата на една вакава културна институција од национален карактер.

Културата е комплексен и постојан процес, бедем на бидувањето, но и живот на сегашноста, мигот, постоењето. Културата, не крои сите нас, а ние секојдневно ја создаваем и градиме, како што го градиме животот, домот, семејството, себе си. Духовната – културната ризница на еден народ е неговото непробојно поприште, неговата исправеност, достоинство, неговиот пиреј. Јас токму така ја доживувам, како огромно наследство и дар за идните генерации. Да се има сведоштво тоа значи да се биде, да се постои. Јас сум и по професија со првично литературна определба, а дури потоа со педагошка.

Обврската да ја промовирам оваа Библиографија ја прифатив без двоумење, од една едноставна причина- за моја среќа можеби, упатена сум во она што го работи библиотеката, луѓето кои ја водат оваа институција, сите вработени, со силна поддршка на пратеничката Стефановска. Но, овде пред сите вас морам да признаам дека навистина сум изненадена од она што сега го имаме пред нас.

Со овој труд, Библиотеката само ја потврдува својата цивилизациска втемеленост во историјата на Битола, во културното достоинство и историја на Македонија. Големите работи за својот народ и својот град се прават тивко и ненаметливо, ама остануваат да ги надживеат времињата и невремињата на минливоста и заборавот, достојно да им пркосат со вечноста.

# НАКРАТКО ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОГРАФИЈАТА ЗА БИБЛИОТЕКАТА



*Приредила Јоланда Бошевска, виш библиотекар*

По повод 64 –годишнината од основањето на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола, на 25 март 2009 година беше промовирана „**Библиографијата на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола : 1945 – 2008**“ На реализација на овој проект работеа три виши библиотекари од Секторот за библиографско – библиотечни информации: Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска и Лена Секуловска. Времето што го имавме на располагање за еден ваков голем проект беше минимално и недоволно (помалку од една година). Успеавме да истражиме, обработиме, редактираме и уредиме 930 библиографски единици од повеќе македонски списанија: „Битолски весник“, „Нова Македонија“, „Вечер“, „Дневник“, „Утрински весник“, „Шпиц“, „Студентски збор“, „Труд“ (Софиски неделник), „Библиотекарство“, „Библиотекарска искра“,

„Културен живот“, „Инфо-магазин“, „Општински информатор“, „Универзитетски глас“, списанието на Библиотеката „Библиотечен тренд“, Летописната книга на Библиотеката, електронски извори на ВЕБ – страници, записи од ЦД-а, ДВД и други.

Првиот дел на Библиографијата се статии кои ја опфаќаат целокупната дејност на Библиотеката. Ако се анализираат содржините на истражените статии, почнувајќи од најстарата статија, па се до оние од 2008 година, може многу лесно да се види нејзиниот развој, од читалиште кое служело за позајмување на книгата со цел да се подобри нивото на образованието и културата на луѓето во повоениот период во тогашната Југославија до денес кога прерасна во современ информативен центар.



Библиографијата содржи три видови регистри: регистар на наслови, регистар на автори и предметен регистар. Со овие регистри е овозможено брзо и ефикасно доаѓање до бараните податоци.

Во вториот дел од Библиографијата претставени библиографските извори од сериските и монографските публикации со фотокопии и фотографии од поважните настани во Библиотеката.

Како и секоја библиографија така и оваа остава простор за понатамошна надградба. Проектот беше финансиран од Министерството за култура на Р. Македонија.

# ПРОМОЦИЈА НА КНИЖЕВНИОТ ЗБОРНИК НА БИТОЛСКИ ПИСАТЕЛИ

*Приределе Ленче Андоновска и Гордана Пешевска*



Сведочењата на творецот, за неговите творечки напори и дострели отсекогаш имале висока вредност и значење за современикот и за идните генерации. Затоа, појавувањето на Книжевниот зборник на битолските писатели претставува идеја која е за поздравување. Тој претставува залог за иднината во запознавањето, презентирањето и зачувувањето на духовните вредности на литературата од нашиот град. Битолските писатели и нивните дела секако дека високо стојат на скалата на вредностите од македонската литература па и пошироко. Тоа се дела создавани во Битола, дела кои пулсираат со битолски дух и безвременски космополитизам.

Затоа, појавувањето на Зборникот на битолските писатели има исклучително



значење бидејќи претставува сведоштво за секојдневието, но и за историјата на градот, духот на времето, судбините на луѓето, местата и спомените. Зборникот претставува заложба битолските писатели и нивните дела да се оттргнат од заборавот, но и да послужи како патоказ и водич за идните генерации. Литературните дела се споменик на еден изминат пат низ времето и просторот, пат низ литературата на градот кој изобилува со творци. Во Книжевниот зборник на битолски писатели се застапени 11 автори од кои пет поети, пет прозаисти и еден критичар. Основните критериуми за влез во овој зборник се писателот да е од Битола, да живее и твори во Битола и да член на Друштвото на писателите на Македонија. Писателите во Зборникот се застапени со фотографии, био-библиографски податоци и со по десет страници антологиски избор од своето творештво. Редоследот на претставувањето на писателите е според критериумот возраст. Зборникот е двојазичен, т.е. целосно е преведен на англиски јазик.

Зборникот е уште едно дело во богатата издавачка дејност на Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Книжевниот зборник на битолски писатели беше промовиран на 28.05.2009 година во Магазата во Битола, од страна на претседателот на Битолскиот





книжевен круг Петре Димовски, кој детално се осврна кон зборникот и истакна за Битолските автори претежно важи ставот на Пол Валери, дека „поетската мисла во делото треба да биде сокриена како што е сокриено хранливото својство на плодот“. На општо задоволство на сите нас, на писателите кои беа присутни во поголем дел и гости од повеќе градови, беше промовиран зборникот - дело кое поширoко ќе го отвори просторот на препознавање и ќе ја актуелизира мисијата на творештвото на битолските писатели.

# ЧЕТВРТА СРЕДБА НА РОДНОКРАЈНИТЕ ПИСАТЕЛИ ВО БИБЛИОТЕКАТА



*Приредил*
*д-р Николче Вељановски,*
*библиотекар советник*

По повод Четвртата роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија што се одржа на 28 и 29 мај оваа година, писателите, првиот ден во 20 часот во Магазата, се претставија со извадоци од своите дела. Вториот ден, во Библиотеката, се одржа традиционалната Тркалезна маса на тема: **„Сонот како стварност во моето творештво“**. Дваесетината текстови ќе бидат објавени во четвртиот Зборник. Самата тема ги натера писателите да и пристапат со голем интерес. Неколкумина од писателите, и покрај тоа што ги испратија своите текстови, не беа во можност да присуствуваат на Средбата, воглавно од здравствени причини. Групата се освежи и со со нови имиња меѓу кои беа Мирјана





Стојановска Палигора, Весна Мундишевска Велјановска и Милица Димитријовска Радевска. Ветеранот во македонската книжевност и еден од најреспектираните македонски писатели, Владимир Костов, и покрај своите 77 години со внимание ги слушаше излагањата на сите присутни што секако дека беше голема чест за писателите. За прв пат, Магазата ја откривме како одлично место каде може да се слушне гласот на мајсторите на перото.

На Тркалезната маса воведен збор за сонот имаше организаторот и медијатор на Средбата д-р Николче Вељановски. Тој даде еден подолг цитат од книгата на Екарт Тол, „Нова земја" за сонувачот и сонот: Кога ќе се разбудиме наутро, соништата исчезнуваат и велиме: „О, тоа беше само сон. Не е вистинско". Но нешто во сонот бездруго е вистинско, инаку би го немало. Кога наближува смртта, се осврнуваме на претходните денови и се прашуваме дали и тоа било само сон. ...

Постојат сонот и тој што сонува. Сонот е краткотрајна игра на обликот.. Тоа е релативно, а не апсолутно реален свет. А тука е и сонувачот, човекот. Човекот е дел од сонот. Сонувачот е подлабок слој, слојот во кој се појавува сонот, тој што го овозможува постоењето на сонот. Тоа е апсолутното зад релативното, вонвременското зад временското, свеста во обликот и надвор од него. Сонувачот е самата свест – тоа што сте вие.



## ВЛАДИМИР КОСТОВ

Сеедно како се квалификуваат и како се изразуваат формите на сонот и соништата, за заеднички именител го имаат АПСУРДОТ со парадигми кај Кафка, Џемс Џојс во европската литература и Борхес во латиноамериканската, со заеднички именител Албер Ками со неговиот Сизиф. Така манифестиран, сонот може да прејде во мотивирано сновидение, да се фабулира причински-последично во фабуларниот тек и на тој начин да се искористи како книжевен материјал во творечкиот процес: поконкретно, емоцијално-идејно да се вгради во структурата на книжевното дело. На тој начин, ослободено од јаремот митскиот бог на сонот ХИПНОС, да се стави во власта на законите на уметноста, произлезени од животната стварност.



## ЦАНЕ ЗДРАВКОВСКИ

Не! Со ништо не можете да ме утешите. Ова што го гледам пред себе не е ни убав сон, ни грдо јаве. Ова е полошо од се што можев да смислам. Јас веќе немам ни убав сон ни грдо јаве. Немам ни што да сонувам, ни на што да му се радувам. Едноставно, немам надеж дека кога и да е во блиската или во далечната иднина ќе ми се обвистини лажната верба. Веќе не верувам дека какво и да е едноставно и веднаш поминливо сонување може да ме залаже, да ме

подутеши. А верував, силно верував дека е можно и неможното; дека не е можно се да се преврти ничкум и се што е зелено и живо, да се претвори во пепелава, мрачна, темна, црна, неплодна јаловица!



**ПАНДЕ МАНОЈЛОВ**

Се менуваа слика по слика како на филмско платно судбините на луѓето, на оние покрај кои растев. Детски, не знаев да разликувам сон од јаве, та, од најмали години, заносно јавето го претварав во сон или сонот во јаве. И сето тоа се бележело во вијугите на моето помнење.



**ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ**

Но, моето зацентрирање за сонот во творечката мисла го нагласувам и како имагинација, што секако, овде, станува збор за имагинарното како претчувство во реалното, било тоа да е преминување на сликите од сон во стварноста по будењето и будноста во блаженствените мигови, или, сонот да е облик на предвесник на навалата на црнила, мигови на тага и патила, што е составен дел од животниот пат на човекот: раѓање, живот, и смрт. Но како употреблива вредност и како предсказание или како мистична јавка сонот наоѓа своја поткрепа во реката настани на творевината или граѓата како скелет.



**ВАНЧО ПОЛАЗАРЕВСКИ**

Ако си интересен, автентичен, твоите ликови и приказни самите ќе велат „Ох колку е заб вно преубаво да се биде креативен, да се има фантазија во разни бои, да се патува и таму каде што никој не патувал, односно патувајќи да се создава пат за земјата Далекуодовделија... и тн. Да го убедиш етето- итател преку својата креација да продолжи да мечтае, за на овој (прилично неудобен) свет а му се дадат/даваат нови димензии, денес измислени, но можеби веќе утре стварност. Затоа што, да не заборавиме, светот го менувале фантазерите, утопистите сите оние што верувале во невозможното.



**КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ**

Моите соништа си имаат некоја своја енергија која произлегува од начинот на размислување. Свесно или несвесно сонпритата си имаат моќ која ме освојувала и исполнувала. Во зависност од таа невидлива моќ настанале необични песни, стихови кои немаат крај.



**ЃОРЃИ ПРЧКОВ**

Кога делото ќе сум го напишел, бидејќи делото бара да се препрочитува, да се преработува, јас препрочитувајќи го, соништата повторно ги сонував, ама повторно јаве и трезен, со чиста душа, здраво срце и за секого добра мисла. Одненадеж сум дошол до сознание дека соништата ти биле стварност, крупни парчиња од животот што секојдневно сум го живеел, ама сурово, неубаво, дури и грозно, значи во моето творештво, вакви ми се и соништата.



**ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ**

Но најсилен впечаток , можам да кажам до денес, ми остави мојата учителка сер Мари. Таа

беше млада девојка, стројна, русокоса, бледолика, со сини смирени очи, кои беа најкарактерстични во нејзината појава. Ги голтав нејзините библиски приказни, кои ни ги оживуваше. И преку збор, но повеќе преку слики. Имаше способност без силни гестикулации да ни ги наслика интересните за децата поглавија од Стариот и од Новиот Завет. Посебен и беше односот кон Исуса, кого ни го открил во една волшебна а истовремено најдобра човечка личност со божја промисла. Со денови го сликавме неговиот лик на крстовите што ги правевеме рачно од светликавите и шарени лепливи хартии. Нив ги носев дома и ги редев во една тетратка, како најчувани и драгоцени реликвии, зашто јас самата ги изработував.



**ПЕТРЕ ДИМОВСКИ**

Сонот е во основата и на мојот иден роман, поставен на работната маса, кој ме внесе некаде длабоко во времето, отворајќи една чиста и јасна визија за еден простор и едно време… Јас стојам на некаква кула и низ кружен отвор го посматрам просторот. Тој целиот натаму се отвора… Кулата се наоѓа некаде на местото кај сточниот пазар, стои осамено извишена, а пред мене се отвора гол простор, ненаселен, исполнет со тревишта и грмушки, со тумби, ридови и опкружување што го има реалната Битола;...



**ЃОРЃИЈА НАЈДОСКИ**

Мотивот на творечкото сонување, да се застане на **постаментот** во својство на писател, е како прво проодување. Колку првиот чекор е значаен, толку и патувањето е подалечно и понеизвесно се дури авторот, еден ден, сам зад себе не се обѕрне кон патот што го изодел, препознавајќи ги сопствените стапалки кои ги оставил по него. И, кога ќе се препознае ќе може да рече дека не чекорел напразно.



**ХРИСТО ПЕТРЕСКИ**

Но, сонот си е сон. Ќе се оствари доколку желбата е навистина голема, но и подготвеноста да се следи сонот. А, јас сега со гордост веќе можам да кажам дека ми се оствари животниот сон да станам писател и издавач. Се сеќавам дека таа желба ја имав кога го завршував основното образование и дека додека си играв во нашиот селски двор постојано си повторував во себеси дека сакам да пишувам и да објавам книги како Ванчо Николески, Видое Подгорец, Борис Бојаџиски, Ацо Шопов, Симон Дракул, Хенрик Сенкјевич...



**ДОБРЕ ТОДОРОВСКИ**

Впрочем, дали не се сонува и кога се работи само за идејата кога се подготвува нова литературно творба, но и кога се работи на содржината на делото, односно се прави претстава, како би изгледало фабуларното дејство? Ваквата состојба кај авторот јас би а наркол–сон со отворени очи. Тоа оттаму заради што се прави проценка на чуствителноста и психолошката состојба на ликовите, до мерка на позитивна прифатливост кај читачката публика.



**САЊА МУЧКАЈЕВА – ВИДАНОВСКА**

Имам еден сон... Или повеќе соништа. Се во едно. Можеби ги остварувам како имагинација или

илузија што се распрснува секој ден, па потоа повторно се раѓа. Како поленот на ветерот, или капката по дождот. Но можеби писателот има свои, а повеќе туѓи соништа. Го допираат со жештина што боли, перцепцирајќи ја реалноста која ја гледа со чувство на учесник меѓу луѓето на кои припаѓа.



**БОГОЈА ТАНЕВСКИ**

Во моето творештво сонот е доста присутен во повеќе песни и во повеќе мои стихозбирки. Има и вистински и имагинарни сонови. Во стихозбирката „Угорнина“ во песната „Коњари“ коњарите во летно време за време на вршидбата околу пладне ги паселе коњите, заспале и при дремката сониле мртовци, а според народното верување тоа значело дека ќе заврне дожд, па преплашени стануваат и брзаат за дома дождот да не им го фати вравот во гумното, житото да не им се запусти. Значи ваквите соништа предупредуваат.



**ДИМИТАР БОГДАНОВСКИ**

„Дали мојот сон треба да биде откриен, дали смеам и дали ќе имам доволна храброст за неговото откривање?``, бидејќи тој неспорно претставува интимност која, пак, понекогаш, сакало тоа да се признае или не, не ретко тежнее да биде скриена дури и од самиот себе во најтајните потони од сопственото битие.



**НИКОЛА КОЧОВСКИ**

Се потрудив да составам книга за одделни вистини за човекот и човечкото, за она што се носи во себе како товар или како копнеж, за пусти желби и неумитна дејствителност, за човечките реални ограничености и немоќ за и фактичкото застанување на страната на она, носеното понекогаш во длабоко интимниот, уште детски дел на душите... За човечката природа и за нејзината несовпадливост со она што би било идеално доброто, на кое му преостанува само да биде замислувано во сништа.

# 35 СОБРАНИЕ НА БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА

На 22 мај 2009 година народната библиотека „Браќа Миладиновци“ во Радовиш беше домаќин на 36-тото Собрание на Библиотекарското друштво на Македонија на кое зедоа учество околу стотина библиотекари од државата. Поздравен говор одржа градоначалникот на Радовиш, д-р Роберт Велков, а со работниот дел заседаваа претседателот на БДМ, Кирил Ангелов, секретарот Елена Тевчева и членот на Извршниот одбор на претседателството д-р Сузана



Котовчевска. Директорот на Библиотеката Петар Трајанов зеде активно учество во дискусијата со тема: „Функционирање на јавните библиотеки во услови на децентрализација на власта". После кратката посета на библиотеката „Браќа Миладиновци" и црквата „Св. Тројца", дружењето со библиотекарите заврши со пригоден ручек во ресторанот „Шампион".






П р о г р а м а

| | |
|---|---|
| 10:30 | Прием и регистрација на учесниците на Собранието |
| 11:00 | Почеток, избор на работно претседателство и верификациска комисија |
| 11:10 | Поздравни обраЌања |
| 11:20 | Излагање на г. Филип Петровски, директор на Градската библиотека "БраЌа Миладиновци" - Скопје |
| 11:40 | Излагање на г. Џевдет Вејсели, заменик - раководител на Секторот за јавни дејности на Град Скопје |
| 12:00 | Дискусија по однос на темата |
| 13:00 | Одмор за кафе |
| 13:15 | Видеопрезентација за добра практика во библиотеките во Велика Британија |
| 13:30 | Поднесување извеШтај за работата на БДМ во периодот јуни 2008 - мај 2009, Кирил Ангелов, претседател на БДМ |
| 14:00 | Заклучок на Собранието |
| | Ручек |

ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

# ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА „ЛЕНИН" ВО МОСКВА

*Приредил Науме Ѓоргиевски, директор*

Во средината на јуни оваа година, во сегментот на меѓународната соработка, беше реализиран проектот од Министерството за култура, при што делегација составена од директорот на Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола, г-дин Науме Ѓоргиевски, директорот на Националната библиотека „Св. Климент Охридски" Скопје, г-дин Миле Бошески, г-ѓа Анета Стефановска, виш библиотекар и пратеник во Собранието на РМ и други, по претходно воспоставена соработка, ја посетија библиотеката „Ленин" во Москва и еден нејзин клон.

Делегацијата беше свечено пречекана од амбасадорот на Р. Македонија во Русија и од










*Од руските изданија за Македонија*

генералните директори на двете библиотеки. Од страна на македонската делегација беа поставени изложби во двете библиотеки и им беа подарени 130 тома од македонската книжевност, проект на владата на Р. Македонија. Библиотеката ја претставивме преку нашите изданија, а истите им беа и подарени.

Од страна на домаќинот беше организирана посета и на културно-историските знаменитости на Москва. Се надеваме дека нашата взаемна соработка ќе биде продлабочена со возвратна посета од руска делегација на библиотекари во Македонија.

# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД БИБЛИОТЕКАТА „ИВАН ВАЗОВ“ ОД ПЛОВДИВ

Во реализација на проектот на Министерството за култура на РМ, во делот за меѓународна соработка, на 24 и 25 јуни 2009 година, петчлена делегација од Библиотеката „Иван Вазов“ од Пловдив, НР Бугарија ја посети нашата Библиотека.

Од посебен нивни интерес беа скоро сите сегменти од словенечката компјутерска програма COBISS2 која во скоро време требало да биде инсталирана и во нивната Библиотека.





На гостите од Пловдив им беше организарана посета на Пелистер и на културно-историските знаменитости во Охрид.

# ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА ОД ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИЗУМ, МАРИБОР

*Приредила Гордана Пешевска, систем инженер*

Како резултат на долгогодишната соработка на библиотеките од Р. Македонија со ИЗУМ (Институт за информациски науки) од Марибор, Р Словенија, вработените во таа институција организираа неколкудневна екскурзија низ нашата земја. Во рамките на таа екскурзијата беше испланирана дводневна посета на градот Битола и Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола. На 05.06.2009 г. (петок), после посетата на Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во попладневните часови гостите од Словенија пристигнаа во нашиот град. Истиот ден беше организирана групна посета на античкиот локалитет Хераклеа и прошетка по Широк Сокак, а вечерта следуваше взаемно дружење со вработените од нашата установа. Утредента (сабота) нашите гости од ИЗУМ организирано ја посетија Библиотеката. Гостите се интересираа за



просторната искористеност на библиотеката, работата со корисниците и за размена на искуства. Воодушевени од убавините на градот Битола и пријатно изненадени од љубезноста и гостопримливоста на битолчани, а посебно од нашите вработени, го продолжија своето патување кон Охрид и Охридското Езеро.



# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРИ ВО ВРОЦЛАВ



*Приредила*
*Марија Малгожата Мачковска,*
*виш библиотекар*

Оваа година по втор пат во Вроцлав се одржа меѓународна конференција на библиотекари под името „Втори вроцлавски средби на библиотекари со полско потекло" . Организатор на конференцијата беше Главната библиотека и Центар за научно-технички информации при Вроцлавската Политехника. Конференцијата се одржуваше во просториите на Политехника од 18-21 јули 2009 г.





На конференцијата пристигнаа над 120 библиотекари - учестници од целиот свет: од САД, Канада, Германија, Англија, Ирска, Холандија, Франција, Словачка, Литванија, Украина, Македонија и од Полска.

Целта на конференцијата беше размена на искуства во рамките на проблемите концентрирани во два тематски блока:

„Академската библиотека на факултетот и во регионот" и „Електронските книги во научните библиотеки и на пазарот".

Во првиот тематски блок презентирани беа следните теми:

книжните фондови и нивната функционалност во локален и регинален контекст, современи информациски технологии, лобинг, промоција и макркетинг во научните библиотеки, библиотечна статистика, меѓународни и домашни библиотечни проекти, образование и статус на библиотекарите, активно учество на библиотекарите во реализацијата на активностите на библиотеките во регионот и пошироко.

Вториот тематски блок презентиран на конференцијата опфати практични искуства како и успешни проекти и модели на располагање со електронските извори. Претставените реферати беа посветени на следните теми: модели на понуда и начини на набавка на електронските извори во библиотеките, методи на проценка на содржина на колекцијата, избор и селекција на електронските извори, организирање на нивното изнајмување на корисниците, каталогизирање и информацја за е-збирки, нивното чување и архивирање, промоција на електронските извори и пратење на нивното искористување од страна на корисниците, научни и дидактички електронски збирки и нивното искористување од страна на студенти и научниот кадар.



За време на конферецијата настапив со презентацијата на рефератот на тема **„Библиотечните проекти и нивната реализација во Универзитетска библиотека во Битола"**. Презентацијата предизвика голем интерес кај присутните библиотекари и со сигурност ќе придонесе за воспоставување на соработка на нашата инстутуција со повеќе странски библиотеки. Програмата на конференцијата и предтставените реферати се достапни на веб страна : www.bg.pwr.wroc.pl/wsbp/

Во рамките на конференцијата, во попладневните часови , беше организирана посета најзначајните споменици во Вроцлав и некои замоци во околината на градот.

**БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ**

*Гордана Марковска*

1. ЗАТОА ШТО ТЕ ЉУБАМ – Мисо Гијом
2. ЃАВОЛОТ НЕ САКА ДА ЧЕКА – Себастијан Фолкс
3. БРИДА – Пауло Коељо
4. НАСЛЕДСТВОТО НА СКАРЛАТИ – Роберт Ладлам
5. ЛЕВИОТ БРЕГ НА СЕНА – Кејт Мјуир
6. ИГРАЈ, ИГРАЈ, ИГРАЈ – Харуки Мураками
7. ТАЈНИОТ СВЕТ НА ЕДНА ХУПОХОЛИЧАРКА – Софи Кинсела
8. ИСТОРИЈА НА ЉУБОВНИЧКИТЕ – Елизабет Абот
9. ЖОЛТИОТ КНЕЗ – Васил Барка
10. СНЕГ – Орхан Памук

**ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ**

Катерина Пејковска

1. ПРИКАЗНИ ОД СТАРАТА ЧАРШИЈА – Иванчо Митревски – Мајсторот
2. КРАЛОТ ПАРТАЛКО – Ненад Цамбазов
3. ЗЛАТНО ГРНЕ – Стојан Тарапуза
4. Е-Е-Еј! ЈАС СУМ ПРВООДДЕЛЕНКА – Славка Манева
5. МАЈЧИНИОТ СПОМЕНАР – Горјан Петревски
6. И ТОА ЛИ Е ХРАБРОСТ – Ингер Мејер - Дитрих
7. МОИТЕ ГРАФИТИ – Роберт Млинарец, Ратко Бјелчиќ, Владимир Бакариќ
8. 220 ЛИНИИ – Малгожата Гутовска - Адамиќ
9. МАКЕДОНСКИОТ ФАРАОН – Трајан Петровски
10. СО ДЕЦАТА ОКОЛУ СВЕТОТ – Татјана Родиќ

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ



*Приредил Драги Кабровски*

**28.01.2009 г.**
**АКЦИЈА "ЕДЕН ШКОЛСКИ ЧАС ВО БИБЛИОТЕКАТА"**

Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола спроведе акција насловена "Школски час во Библиотеката" за сите ученици од основните училишта. Посетите имаа културно-образовен карактер каде што учениците се запознаваа со работата и дејноста на нашата установа.

**11.03.2009 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КОПАНИЦИ - РЕЗБИ**

Во холот на Библиотеката свечено беше отворена 10-тата **Самостојна изложба на копаници** на ателјето "МАКЕ"- Битола на **Јане Злате Крстески**, самостоен уметник - копаничар од Битола.



Изложбата ја отвори претседавачот на Советот на општина Битола г-ѓа **Лилјана Кузмановска**. На отворањето на изложбата присуствуваше и пратеничката од Битола во Собранието на Р. Македонија г-ѓа **Анета Стефановска**.

**13.03.2009 г.**

**ПОРТРЕТ НА ВЛАДИМИР КОСТОВ**

Во салата за промоции на Библиотеката осврт кон делото на писателот Костов дадоа: **Петре Димовски и Раде Силјан** - претседател на ДПМ и проф. д-р **Златко Жоглев** - ректор на Универзитетот во Битола. Покрај големиот број на гости присуствуваа и пратеничката во парламентот од Битола г-ѓа **Анета Стефановска**, претседавачот на Советот на општина Битола г-ѓа **Лилјана Кузмановска** и претседателот на Општинскиот комитет на **ВМРО - ДПМНЕ** г-дин **Златко Милошевски**. На крајот свое излагање имаше авторот кој изрази голема благодарност кон директорот на Библиотеката г-дин Науме Ѓоргиевски како организатор, потоа кон излагачите. Исто така во оваа пригода на авторот му беа врачени поклони од **Библиотеката** и од Детското ликовно студио **"Св. Кирил и Методиј"**.



**13.03.2009 г.**

**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод литературниот **Портрет** на **писателот Владимир Костов** во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги од целокупното негово литаратурно творештво комбинирано со објавени текстови во пишаните медиуми, каширани на картон.

**16.03.2009 г.**

**ТРИБИНА**

**Библиотеката** и **Македонското научно друштво** од Битола, во малата сала при Центарот за култура од Битола организираа **Трибина** на тема: **"Во меморијата за Битола"**.

Трибината ја отвори градоначалникот на Битола г-дин **Владимир Талески** кој воедно упати поздравни зборови кон присутните гости. На трибината говореа: г-дин **Ѓорѓи Танковски** - историчар, г-дин **Никола Миновски**, г-дин **Стевче Бојаџиев** - доктор, и д-р **Никола Димитров.** На трибината покрај градоначалникот присуствуваа: пратеничката г-ѓ**а Анета Стефановска,** и претседавачот на Советот на општината Битола г-ѓа **Лилјана Кузмановска.**




**25.03.2009 г.**

**ПРОМОЦИЈА**

Националната установа Универзитетска библиотека **"Св. Климент Охридски"** од Битола, по повод **64** годишнината од нејзиното формирање на **25 Март 2009** година, организираше промоција на **"Библиографијата на Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"- Битола (1945-2009)" од Јоланда Бошевска, Лена Секуловска и Цветанка Дамјановска.**

Промотор беше г-ѓ**а Анита Ангелевска.**





**23.03.2009 г.**
**ИЗЛОЖБА**

По повод **64** - годишнината од формирањето на Националната установа Универзитетска библиотека **"Св. Климент Охридски"** од Битола во холот на Библиотеката Одделот за културни активности на Библиотеката подготви изложба на текстови каширани на картон за Библиотеката објавени во печатените медиуми. Составен дел на изложбата беа и сите досегашни изданија на Библиотеката.

**02.04.2009 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**
**"МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕТСКАТА КНИГА"**

Писателот **Ханс Кристијан Андерсен,** роден на **02.04.1805** година во Оденсе во Данска. По повод годишнината, на истиот ден, Библиотеката постави **Изложба** на книги од детски писатели како и делата од овој познат скандинавски и светски писател.

**08.04.2009 г.**
**СРЕДБА СО ХРВАТСКИ КНИЖЕВНИЦИ**

Библиотеката и **Хрватскиот конзулат и МХД - Хрватски културен центар "Марко Марулиќ"** во салата за промоции на Библиотеката организираа ПОРТРЕТИ на хрватските книжевници: **Круно Локотар, Ренато Баретиќ и Гордан Нухановиќ.** Како лекторка учествуваше **Наташа Веиновиќ.**

**09.04.2009 г.**
**САЕМ НА КНИГИ - СКОПЈЕ**
**ПРОМОЦИЈА**

Со почеток во **12.00** часот, на **Саемот на книгата - Промотивен центар - Скопје** се организира промоција на досега необјавени ракописи на Ванчо Николески: **"Песни - од ракопис до книга) " и "Раскази и народни песни - од ракопис до книга) "**

Книгите ги уредија Анета Стефановска и Науме Ѓоргиевски

*Промотори:* Горјан Петревски и Раде Силјан



**15.04.2009 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

На **15.04.1980** година, во Охрид умре познатиот македонски детски писател **Ванчо Николески.** Од

**1950** година беше член на Друштвото на писатели на Македонија **(ДПМ).** Автор е на прославената стихозбирка **"Македонче",** објавена во **1946** година, со која беа поставени темелите на современата македонска книжевност за деца. По тој повод во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги од неговото творештво.



**16.04.2009 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ**

Во рамките на Акцијата на Библиотеката во соработка со основните училишта од градот насловена **"Школски час во Библиотеката"**, Библиотеката ја посетија ученици од петто и шесто одделение при **ОУ Д-р. "Трифун Пановски"** од Битола.



**23.04.2009 г.**
**СВЕТСКИ ДЕН НА КНИГАТА**

По повод **"Светскиот ден на книгата",** Библиотеката ја посетија учениците од Основното училиште **"Даме Груев".** Во име на директорот и вработените во Библиотеката и во свое име ги поздрави г-ѓа **Андоновска Ленче** програмски директор на Библиотеката. Во салата за промоции на Библиотеката преку видеобим беа презентирани книгите од тројцата светски писатели: **Вилијам Шекспир, Мигуел Де Сервантес и Лопе Де ла Вега** кои на **23 Април** се починати и од страна на УНЕСКО овој ден е избран како симболичен ден на светската книжевност или како **Светски ден на книгата и на авторското право.**

Беше прочитана светската порака за книгата од г-дин **Коичиро Мацура,** генерален директор на УНЕСКО и македонската порака од Министерката за култура на РМ, г-ѓа **Елизабета Канческа Милевска.** Исто така беше презентирано и **ДВД** за Библиотеката.



**23.04.2009 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

Во холот на Библиотеката по повод светскиот ден на книгата беше поставена изложба на книги од тројцата светски познати писатели: **Шекспир, Сервантес и Лопе Де Ла Вега.**



**27.04.2009 г.**
**ПОСЕТА ОД УЧЕНИЦИ**

На **27 Април** во **12 и 30** часот Библиотеката ја посетија ученици од трето одделение од училиштето **"Кузман Јосифовски - Питу" од Скопје,** заедно со наставничките при што покрај Библиотеката тие ја посетија и спомен собата на **Кемал Ататурк** при **"Завод и Музеј"** Битола. Со гостите разговараше г-дин **Драги Кабровски** вработен на културни активности во Библиотеката и во кратки црти ги запозна со работата на Библиотеката од нејзиното формирање до денес. Посетата беше искористена за разгледување на Библиотеката, магацинот за книги, детската библиотека, и користењето на компјутерите во холот. Во вториот дел од посетата беше презентирано ДВД за Библиотеката кое со интерес беше проследено а после беа поставени неколку прашања.

**29.04.2009 г.**
**ИЗЛОЖБА 45 ГОДИНИ БИТОЛСКИ ВЕСНИК**

По повод **45 годишнината на "Битолски весник"**во холот на Библиотеката подготви изложба на сите досегашни броеви на Битолски весник, од **1964** година па до денес. Во присуство на голем број гости меѓу кои градоначалникот на Битола г-дин **Владимир Талески**, претседавачот на општинското собрание г-ѓа **Лилјана Кузмановска**, градоначалниците на општините **Новаци и Могила**, почесни конзули на конзулатите.

Пригоден збор имаше директорот на Битолски весник г-дин **Менде Младеновски** кој се осврна на работењето на Битолски весник и додели две **Плакети** на заслужни новинари. Едната плакета ја додели на новинарот во пензија **Димитар Димитровски-Такец** а другата на **Општината Битола** која ја прими градоначалникот на Битола **Владимир Талески.**

По врачувањето на плакетите добитниците **Димитар Димитровски - Такец и градоначалникот Владимир Талески** се заблагодарија за дбиеното признание а на Установата “Битолски весник” ѝ посакаа успех во понатамошното работење. Гостите беа послужени со скромен коктел.



**07.05.2009 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ЗА МУРАТО**
**ИЗЛОЖБА НА ФОТО И ТЕКСТОВИ**

Националната установа Универзитетsска библиотека **"Св. Климент Охридски"** од Битола, во соработка со Планинарското друштво **"Пелистер"** по



повод 20-години од смртта на **Димитар Илиевски - Мурато.** организираа промоција на брошурата **"Од љубов кон Пелистер засекогаш на Еверест"**. Издавач е Библиотеката. Подготовка, превод и уредник д-р Николче Вељановски. Промотор беше Драган Ристевски.

Промоцијата се одржа во холот на Библиотеката каде што и беше поставена **изложба** на фотографии и текстови објавени во медиумите во **1989** година, кога **Илиевски** го освои врвот **Еверест.** Фотографиите ги подготви пе;атницата Микена. Поздравни зборови беа пренесени и од Претседателот на Комисијата за култура при **Собранието на Р. Македонија** г-дин **Оливер Шамбевски.** Изложбата ја отвори г-ѓа Анета Стефановска.



**11.05.2009 г.**

**МИНИ ПРОЛЕТЕН САЕМ НА КНИГАТА**

Во холот на Библиотеката беше отворен мал пролетен саем на книгата со издавачките куќи "Просветно дело" и "Детска радост"од Скопје. При самото отворање беше изведена кратка културна програма од ученици на ОУ "Св. Климент Охридски" од Битола.





**19.05.2009 г.**

**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Промоцијата на збирката раскази **"Лук и вода"** од штипскиот автор **Војо Маневски** беше промовирана од **Трајче Кацаров** од Штип.

Меѓу присутните гости беше и директорката на Националната библиотека **"Гоце Делчев"** од **Штип.**



**26.05.2009 г.**

**ШЕСТИ САЕМ НА КНИГАТА**

Во организација на иблиотеката "Св. Климент Охридски" од Битола на 26 мај 2009 година, во 20 часот беше отворен “Шестиот саем на книгата - Битола 2009” а просторот пред Народниот театар. Изјава за медиумите за самото отворање и програмата за манифестацијата "Денови на книгата"дадоја:

директорот на Библиотеката г-дин Науме Ѓоргиевски, г-ѓа Ленче Андоновска програмски директор на Библиотеката и д-р Николче Велјановски.



**28.05.2009 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Во рамките на Програмата "Денови на книгата", Библиотеката, на 28 Мај 2009 година, (четврток) во 20 часот, во Магазата, организираше промоција на книгата "Книжевен зборник на битолски писатели" од Ленче Андоновска и Гордана Пешевска вработени во Библиотеката.



**О2.06.2009 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

нигата **"Врвови"** од **Раде Силјан** беше промовирана во салата за промоции при Библиотеката. Свое кратко излагање имаа промоторите: **Мирјана Стојановска Палигора** и проф. д-р **Златко Жоглев** ректор на Битолскиот универзитет**.** Стихови од книгата читаше **Митко Апостоловски** - актер, во придруж н о музички исполнувања од г-ѓа **Мери Кафкалева.**



**03.06.2009 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГИ**

НУУБ **"Св. Климент Охридски"** и Издавачката дејност **"Апекс"** од Битола организираа промоција на **18** книги печатени во фондацијата **Ванчо Николески.** На почетокот присутните ги поздрави **Илија Мерковски** од името на редакцијата и промоцијата започна со претставување на сите автори кои прочитаа извадоци од своите книги.



**10.06.2009 г.**
**ПАНАЃУР НА КНИГАТА**

Во рамките на општинската програма **„Ден на културата", Библиотеката** се вклучи со активноста насловена: **"Панаѓур на книгата"**, кој се одржа на плоштадот пред Магнолија. На панаѓурот можеа да се купат книги од македонски и странски писатели по рекламна цена **50** денари. Панаѓурот имаше за цел да ја приближи книгата до битолската читателска публика. Панаѓурот беше отворен од **10** до **19** часот.

# ПЕТРА ВО ЈОРДАН

*Приредила Лидија Мирчевска,*
*виш библиотекар*



*Приод кон градот Петра*



*Приод со балон*

Древниот град Петра се наоѓа на југозапад од Јордан, кој се простира на Арабискиот полуостров. Историјата на Петра од првите векови на постоењето се утврдува од библиските, римските и грчките фрагменти. Изграден бил во Мојсиевата долина. Петра на латински значи „ карпа". Карпите во кои е исклесан градот се високи и до 70 m.



*Влез во ризницата на фараоните*

Во 106 г. п. н. ера го покориле Римјаните, па така Петра станува главен град како дел на Римската провинција Арабија. Неколку векови бил голем трговски центар од кој живеела цела Јужна Арабија. Благодарение на стратешката географска положба, низ него минувале караванските патишта помеѓу Средоземјето, Северна Африка и Арабија. Во градот имало во изобилство вода, зачини, смола, темјан и свила. Набатејците, жителите на Петра со овие производи оствариле големи приходи. Градот почнува да го губи своето значење кога трговските патишта се преусмеруваат кон Еуфрат и Персијскиот залив, затоа што караваните сега веќе скршнувале на север кон Палмира. 105 г. п. н.



*Градот вклесан во карпи*

Ера била кобна за Петра. Тогаш во Рим управувала Тројановата управа и сите дотогашни привелегии на градот биле укинати и таа останала речиси без историја. Петра во 7 век ја заземаат муслиманите.

Повторно се споменува дури во 1812 год. кога рушевините на градот ги видел Швајцарецот Johan Ludvig Burkhart. Дотогаш ниту еден жител на Европа не бил во Петра. Добар дел од познавачите на историјата ги слушале приказните за легендарниот град исклесан во карпи.



*Гробови*

# ИЗБОР ОД НАЈНОВАТА СТИХОЗБИРКА „ЧЕСТ“ НА КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ

Роден е на 28.09.1954 година во Битола, каде што и завршува Педагошка Академија – група македонски и српскохрватски јазик. Објавува поезија од 1972 година а од 1981 (па неколку години по ред) е уредник во списанијата „Развиток“ „Стожер“ и „Раст“. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1989 година, а моментално е секретар во истото.. Застапуван е во повеќе избори и антологии, а дел од неговите песни се преведени на англиски, француски, руски, турски, српски и други јазици. Меѓу неговите дела се вбројуваат: *Потреси* (поезија, 1982), *Прав* (поезија,1986), *Слоеви* (поезија, 1989), *Душа* (поезија, 1992), *Некои нешта* (поезија, 1994), *Безмерно* (поезија, 1997), *Излегување од времето* (поезија, 1999), *Чуда* (двојазичен поетски избор, на македонски и аромански, 2000),



*Откопано вино* (двојазичен поетски избор, на македонски и француски, 2000), *Судбини и соништа* (поезија, 2004) и *Чест* (поезија, 2008).

Добитник е на следните награди: „Книжевна младина“ (1982), „Млад борец“ (1986), „Смедеревска поетска есен“ (1987), „Ѓурѓа“ (1992). Учествувал повеќе пати на Струшките вечери на поезијата. Често објавува во периодиката во Македонија и странство.

**ЧЕСТ**

Чисто
Човечко
Чувство
Останало во мене –
Страст
Да се
Носи
Татковината
Секаде
Со себе
Каде што сакам
И каква што сакам
Да биде
Денес
Во мислите на луѓето
Да остане
Нешто
Свето.

### МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Жилаво
Стебло
Во
Светската
Подвижна
Шума
На
Говори.
Секаде го има
Мојот народ
Пуштил
Длабоки
Корени
А
Ние сме
Свежа
Вода
Која
Доаѓа
Секогаш
Навреме
Да го
Освежува.

### ПЕСНАТА – ПЕРДУВ

Сака
Лесно
Да излезе
Птицата
Од мене
Си мисли
Сега
Голема е
И вешта
На ветровите
Од зборови
За да се
Искачи
Каде што сака
И да
Запее
Совршена

Песна.

### АЛЕКСАНДРИСКА БИБЛИОТЕКА

Овде
Ако
Те
Нема
Тогаш
Те
Немало
Никаде
И
Никогаш.



# ОВОСВЕТСКИ КОТЕЛ

*Никола Кочовски*

"Пред десет години беа доста ожесточени лета, но сега веќе се неспоредливо поврели и им причинуваат вистински грижи на луѓето како да ги пребродат, да се избават од живиот пек... "

"Ланското лето се јавија на повеќе места шумски пожари, но годинава бројот на такви пламтеења низ нашите гори е загрижувачки, многу поголем. Нема ден да не вивне некој нов пожар. За жал, ретки се случаите на успешно изгаснување, но затоа веќе поначесто се повторуваат појави на слевање два, три пожари во еден, и вилнеење на стихијата понатаму. Само некој обилен дожд ако не заврне... "

"Сонцето се разбесне... "

Вакви цитати, напишани по весниците и говорени низ етерот, се беа појавиле уште пред близу половина век, но сега траги од тоа што порано се предупредуваше тешко можеа и да се најдат. Државните библиотеки во најголемиот дел беа опожарени, истото се случи и со повеќето радио и телевизиски станици, до колку навреме не се затворија, додека тие два-три електронски медиуми што останаа, веќе и не зборуваат за тоа, за врелоста, божјиот или небесен гнев. Нивните целосни термини строго се резервирани за друг вид програми ≠ и информативни и забавни ≠ програми кои им се потребни и ним, како тешкообогатени сопственици, и на онаа останата многубројна елита, зашто всушност за неа најмногу и постојат, за нејзиното забавување и посебно информирање, полно со никогаш во минатото непозната толкава етикеција...



Дуќани имаше извонредно големи и раскошни и преполни со секакви освежувачки напивки, и апарати кои овозможуваа чуда од новоизмислени ладовини, еден раскошен, речиси дури ароматичен свет за нив. За тие што имаа да платат. Тие живееја, тие не умираа по улиците, по своите соби, по праговите на недобро заштитените живеалишта од жештината.

Меѓу тие што угинуваа незабележани и непожалени, сепак некои успеваа да се одржат. Како, само тие знаеја. Во бедата и во страдањето душата понекогаш се чкоркосува и бидува заборавена од масовното, често зло...

Имаше еден кој колата, купена во поранеши времиња настаро, сепак можеше да ја вози, но сега не беше во можност да ја регистрира. Доста долго му стоеше така, ја подгризуваше 'рѓата, зашто сега веќе немаше кому да се продаде таква, дотраена кола, сеÄ што се купуваше и се возеше по улиците беше ново и болскаво, со најлуксузен изглед произведено, и по не многу возење, уште во сосем употреблива, здрава состојба, се фрлаше во отпад, а немаше кој да се заинтересира да го земе тоа за мали пари и да се служи. Е, овој бедник со колата некогашна останата во дворот, се викаше Траенче. Арно ама по сума време поминато така во сиромаштија, се зажела, му дојде жалење за изминатото време од животот, и смогна да прискуси крајно од храната, купи бензин, ја проба... проработи, убаво сепак проработи. И задишувајќи мошне длабоко, излезе со колата од дворот, во неа го беше сместил семејството, решен барем еден ден да прошета, да види какви се убавините, далечините одамна невидени.

Не беше воопшто тешко да биде забележан од полицијата. Тој заборави да помисли на тоа дека немаше веќе стари коли по улиците и другите коловози. СеÄ раскош од возила... И го легитимираа, му одредија казна поради гнасење на улиците, која беше поголема отколку што изнесуваше неколкумесечното јадење на целото негово семејство. Немаше да плати ни четвртинка од тоа. И го затворија.

Во една раскошно подредена канцеларија на власта се водеше извесен деловен разговор меѓу помал службеник и позначајниот, со покрупна функција. Откако потчинетиот неколку пати повтори дека затворениот прекршувач на сообраќајниот ред нема да ја плати казната, а да го држат затворен не знаат што да прават со него, важниот службеник му рече:

≠ Море, пушти го таму... Толку ли не ти текнува! Зарем сакаш од него и од други како него да создадеме незадоволна класа?

И го пуштија така од затвор. Траенче се чувствуваше пак вратен во смиреноста. Речиси како да беше среќен...



И бидејќи пробојот на сончевината сеÄ пожесток продолжуваше, а веќе ни тие, самоодбраните, на жештината не можеа да иÄ се отпрат ни со телата ни со душите, изнајдоа смисла да им се предаваат на вештачки задоволства за кои откриваа можност во своите зовриени тела. Еротското стана важност број еден. Во склокотената горештина во која им се премеќаваа по најдолго голи телата, салосани, потосани, како кон новооткриена утеха, која не беше утеха, туку нешто многу жално и многу скудно, прибегнаа кон состојбата на надразнетост, барање начини да се продолжи колку што може повеќе таа, состојбата на надразнетост, од која остануваа преморени и отрпнати нервите, и пак прибегнуваа кон неа. Единствена смисла. Храната веќе одамна во нив, тешкообогатените, не предизвикуваше убави чувства, па се бореа, бараа сеÄ понови видови на

еротското, трудејќи се така да избегаат од презаситеност и во тоа, последно во кое се манифестираше нивниот живот, оти разумот се закожурчуваше и сушеше, слаби беа да издржат во тие пеколски врелини.

Така, еден од облиците на живеењето, што значи, чувствувањето, беше она што ставуваше можно со нивните деца. Доживување за родителите беше, она што им преостана како единствено чувствување да го гледаат и кај своите чеда. Младите тела, предизвикани на полова возбуда и полов настрем, ставуваа драж која светот сеÄ уште ја чуваше за нив! Секоја помисла на она што во дамнината се сметало за чесност, наведуваше летаргија и немир, осиромашеност, мртвило на духот. Она што беше било некогаш возрасна граница под која не се одобруваше полов живот на доаѓачкото поколение, набрзина, ревносно се прогласуваше за тешка, лоша глупост. Да се гледа како се настремуваат девојчиња на момчиња, претставуваше моменти на среќа, голотијата притоа ја зголемуваше таа среќа. А особено за оние кои ќе беа заслужни за таквото настрвување на децата од двата пола едно на друго. Изгледот на кревките млади тела им остануваше како една убавина. Убавина која кај себе веќе се немаше...

Под сеÄ позасилениот припек на летата кои траеја три четвртини од годината, веќе дамна беше испарило секакво почитување или навраќање на свеста кон некогаш опширно пишуваните и препечатувани сознанија на науката за опасноста од предвремено вкусување на тој плод од страна на младото поколение. Какви ти недоносени глупости, теории божем, штогодерштини! Баш убаво беше што пламен ги ништеше библиотеките, и убаво беше што новиот ум, во врелоста, не бараше да се души во читање дури и таму каде што имаше останато нешто за читање.

Ами што!... Жедта за сеÄ нови и нови наситки со убавини во чувството ≠ во осетот ≠ биеше во впалените умови, како небаре акт на вистински спас во живот, слично како што е спас од опожарувачкиот припек шише со ладна, освежувачка напивка од која се здивнува.

И, отпрво по некој тука-таму, а потоа, без наидување на пречка, сеÄ повеќе возрасни посегнуваа по своите деца, ги притиснуваа во својот раширен, впален скут, мажите ќеркичките, жените синовите, ги дразнеа како што ги беа научиле и меѓусебе да се дразнат, го заземаа местото на младиот партнер... И тоа продолжуваа редовно да го прават, менувајќи се, испомешувајќи се во возраста, во родот.

И надојдоа новороденчиња со нешто ново и во изгледот, и во погледот и во гласот. Лица искривулчени, потсобрани, влакносани, небаре мајмунски, но не беа мајмуни, и гласови што врескаа и никако не заличуваа на човечки говор, и уши што бегаа од каков и да било говор, и очи со болскот во нив што беше див, јаросен, како јаросното сонце од небото.

Возрасните родители, од тие изродени болскоти во плипотот младенци, и без размислување ги стресуваа морници, но немаше враќање. Не остана веќе кон што да се вратат.

И вилнееше огнот од разоткриеното, обеззаштитено небо.

А сиромашни ≠ останаа сепак по некои, на кои што сега им порасна доста цената. Тие се чинеа како поинаква сорта луѓе. Но веќе никој и не се интересираше да открие дали, во основата, се разликуваа многу од другите.

# ОД ЖИВОТОТ НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ

*Приредил д-р Николче Вељановски*

## БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСУРЗИЈА

Вработените во НУУБ "Св.Климент Охридски" - Битола, покрај редовните работни задачи и дополнителни ангажирања за реализација на проектите, одделија еден ден од викендот во месец март за еднодневна екскурзија низ југозападниот регион на Република Македонија.



*Во дворот на манастирот „Св. Богородица – Пречиста“ во Кочевско*

Беа посетени манастирите "Св. Богородица - Пречиста" во Кичевско и "Св. Јован Бигорски" во дебарско и Вевчанските Извори во Струшко.



*Манастирот „Св. Јован Бигорски" во Дебарско*



*Вевчанските Извори во Струшко*

Заедничкото дружење помеѓу нашите библиотекари остави трајни спомени и желба за идни повеќедневни екскурзии.

# ПРВО МЕСТО ЗА БИБЛИОТЕКАРОТ - ПИНГПОНГАР БЛАГОЈА БОШЕВСКИ

На 1 и 2 јули се одржаа традиционалните **Регионални синдикални игри** на СОНК (Синдикат на образование, наука и култура) кои имаа натпреварувачки карактер. Игрите опфаќаа повеќе спортови: **одбојка, мал фудбал, пинг понг, шах и пикадо и спортски риболов.** На игрите учествуваа вработени од повеќе установи и организации од градовите од западниот дел на Македонија: Битола, Струга, Охрид, Кичево, Прилеп, Демир Хисар и Ресен.



**Првото место во пинг понг – поединечно** му припадна на библиотекарот Благој Бошевски, вработен во НУУБ – „Св. Климент Охридски" Битола. Оваа диплома не е прва за Благој. Тој бил и југословенски првак во пинг понг, а неколку пати бил прв и во Македонија.



# УЧИТЕЛОТ СО НИЧЕОВИОТ ЧЕКАН

**(Осврт кон романот „Учителот" од Владимир Костов)**

*Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*

„Никој не страдаше толку многу за она за кое страдав јас“

*Ниче*





Кога прв пат влегов во домот на Владимир Костов му дадов две книги кои произлегоа од мојот докторат на тема „Духовното созревање на човекот во процесот на социјализацијата на личноста“, а тој, само што го започнавме разговорот како во некаква твоја одбрана веднаш рече: „Немој да ме тераш повторно да го отворам моето трето преработено и дополнето издание на романот „Учителот“ кое штотуку го затворив. Овој роман толку силно ме измачува“. Тогаш сфатив дека разговарам со човек кој целиот свој живот трагал по вистината, по натчовекот во себе, а и самиот го потврди тоа со четвртото издание на романот. На Втората роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија која традиционално се одржува во Библиотеката во Битола, во своето излагање на тркалезната маса на тема: „Авторот за спецификите на своето творештво“, Костов ќе рече: „Учителот е роман-фокус на сите мои филозофски размисли во сите мои дела.“ „Ликовите на Костов ја бараат вистината само вистината, да ја спознаат, да ја откријат и да ја објават. Тој испишува илјадници и илјадници страници како да го чувствува демонот во себе за да пишува, поаѓајќи од она што Ниче го нарекуваше „амор фати“, т.е. од љубовта кон судбината, кое според авторот на „Волја за моќ“ е најплодното начело на постоењето. Токму затоа неговите дела како градба на духот ни делуваат и како литература и како философска медитација за човекот и неговиот внатрешен свет.“ – ќе рече Георги Старделов.

Но сепак, она што воодушевува кај писателот Владимир Костов во романот „Учителот“ е силата која произлегува од неговиот внатрешниот порив **за големата цел која ја нарекува слободен, вечен и среќен живот на луѓето**. Од каде таа сила, од каде тој порив кај Владимир Костов во далечната 1970 година кога започнал да го пишува романот кој за прв пат беше публикуван во 1976 година. Тоа е време на социјал – комунизмот кога цензурата врз она што го пишуваа писателите и критичарите беше се уште многу голема. Во тоа време се уште Ничеовата „Волја за моќ“ е поврзувана со нацистичката идеја за највисока „Ариевска раса“ и со „Теорија за војна“, па како таква беше неподобна за да биде прифатена на нашето поднебје. Во 1980 година излезе првиот превод на македонски јазик од Ташко Ширилов на Ничеовата книга „Вака зборуваше Заратустра“ во која тој ќе рече: „Ах, кога би можел да рикнам како силен бел бик и да им кажам на луѓето за смислата на нивното постоење на земјата“.

Споредувањето на писателот Костов со философот Ниче не е ни малку случајно кога зборуваме за „Учителот" кој е во суштина едно философско дело, а самата философија е егзистенцијалистичка, но со силна вера во чистиот христијански дух кој може човекот да го доведе до самоспознание и понатаму до слободниот, вечен и среќен живот. Ако критиката постојано се двоуми дали Заратустра во Ничеовото дело „Така зборуваше Заратустра“ е персискиот мудрец Заратустра или самиот автор, едно е многу јасно, а тоа е силниот порив на Ниче за подобрување на човештвото. Јасна е неговата улога на учител кој се обидува на еден ироничен начин да ги превоспита научниците, па дури и философите нарекувајќи ги со погрдни имиња,

кажувајќи им на овој или оној начин дека му се згадила нивната „евтина научна мисла": „Јас не сакам да ве видам ни облечени, а камоли голи". За него тие „големи научници" не се ништо друго, освен луѓе обвиени во незнаење и во желба другите да им ракоплескаат за големата лага – науката, „денес човекот е потсмев и мачен срам ... повеќе мајмун од било кој друг мајмун". А Костов преку Учителот во истоимениот роман ќе рече: „Среќниот Петар (Пјотр) Доброчински е м**ојот учител и ученик истовремно**". **Костов страда** и бара излез од животот кој му нуди наука која не му помага во остварувањето на неговата голема цел. Постоечката наука не му нуди иднина на слободен, вечен и среќен живот. Се уште дијалектиката на доброто и злото, раѓањето, растењето и умирањето владее со умовите на луѓето како што владеела низ историјата во минатото и денес. „Јас сум против ваквата дијалектика" – вели Костов. Во неа и во целата добрина човечка за која зборува науката денес, се крие и ѓаволот кој најчесто е многу тешко препознатлив: „Да ја исчистиме рѓата од која не ни се гледа човечкото лице. А да се направи тоа, треба да се отфрли се она што историјата го натрупала во нас, а е од ѓаволско потекло, не е потребно да се има само разумен ум, туку уште повеќе – човечка храброст. Треба да подзастанеме. Да се свртиме назад, да видиме дали сме го згрешиле патот. Да се свртиме кон себе. Врвејќи низ времето, да видиме што се изналепило на нас. Повлечени од науката, која станува сила за себе, лудо и слепо грабиме напред, без да знаеме каде сме се упатиле". Но, големата цел – слободниот, среќен и вечен живот на луѓето е исто така наука, но наука која се предава преку живиот збор на Учителот упатен кон ученикот, „Таа наука не може да се предава и учи со машини. Тука е потребен живиот човечки збор. Тука е потребен творечкиот контакт меѓу учителот и ученикот. На часот треба да се случи чудо. Да пламне оган. Прометејски. Ако не пламне, часот пропаднал. – Значи, да заклучиме, наставникот не смее да биде само предавач, туку и философ. Но и тоа не е доволно, ако не е и воин. Тој и неговите ученици треба да бидат на борбеното поприште на животот". И тука Костов и Ниче не се разминуваат: „вашата работа нека биде борба - вашиот мир победа". Костов низ целото дело не се откажува од својот столб – водич, Библијата, „Според библиската легенда, при градењето на вавилонската кула, со која луѓето сакале да се извишат до небото, бог им ги измешал јазиците за еден со друг да не можат да се разберат. И кога не можеле, значи, да се разберат, градејќи секој за себе, наместо во висина, луѓето изградиле град во ширина – Вавилон, мешаница. И во таа мешаница тие се загубија. Не не сите".



*Од излагањето на Костов на Втората роднокрајна средба за романот „Учителот"*

## ЌЕ ИМА ЛИ СПАС ЗА ЛАЗАР?

Костов под влијание на својот силен внатрешен порив кој прераснал во силна вера во себе и во Бога, продолжува со надеж и за оние во тињата дека еден ден ќе ги достигнат височините: „Некои сепак, успеаја да излезат на чистина. Така, спасувајќи се себеси, тие што се спасија ја спасија и човечката идеја за еден јазик, за еден народ, за една цел – слободен, вечен и среќен живот на луѓето. **Само што за нив во канонските книги не се зборува**. Сеедно вавилонската кула продолжи да се гради. **Борбата за височините се обнови**. Но и Вавилон продолжи да се шири. И да се меша. Фатени во единството на неговите противречности – во власта на таа магија – **со милијарди луѓе претале и претаат во неговата тиња". Сместен и самиот во истата тиња со** луѓето, во Костов се разбудува силна волја за излез од затворот на сопствениот човечки ум: „Ете**, во таа тиња сум против дијалектиката: кога таа се применува за поробување на луѓето**. Во таа смисла **сум и против реализмот** во литературата, - **и во која било друга област од дејноста на луѓето**, против реализмот во политиката, на пример – **против сфаќањето на животот како матна река која бавно тече низ времето и просторот и се со себе *влече, вклучувајќи го и човекот*".**

И Костов како и Ниче не му проштува на медиокритетите, или како што Ниче ги нарекува „мувите на пазариштето", „доброчинците и справедливците" кои се „сроповедници на смртта" и кои најчесто му ја кројат судбината на големите луѓе. Затоа Костов ќе се нафрли многу сурово врз чуварите на традиционалното живеење, односно егзистенција заради зачувување на својот живот, своите блиски и својот посед, без разбудена волја за човечка возвишеност во себе и во другите: „Во потрага по типичното на времето, неминовно се доаѓа до

сопирачите на историскиот прогрес, до ситните луѓе, до разните домашари кои заедно со глувците дома, слатко го грицкаат животот. Тие не можат да бидат вистински херои на литературата. А и предизвиканата омраза кон нив не може да биде доволен надоместок за едно воодушевување, за едно борбено расположение што ќе го предизвика кај младиот човек една оживотворена возвишена идеја, една борбена идеја". Костов како и Ниче кон своите колеги, се нафрла врз авторитетите во литературата: „**Но ете, во најголемиот дел од литературата што се пишува денес,** таа идеја ја нема. И, ако ја има, одвај е видлива; плашливо покажана, одвај живурка, место да пламти. Денес се поддржува едно мислење дека добра е онаа литература во која се среќаваат **ликови на обични секојдневни луѓе; на луѓе чии животни цели главно се сведуваат на тоа да се обезбеди опстанокот: јадењето, пиењето и породот**. Теоријата на таквата литература ги има воведено термините: полнокрвни ликови, животно верни, ликови од крв и месо. За оние луѓе, пак, што се борат за високи цели, се смета дека за нив нема место во литературата. **Се претпочитаат значи, глувци наместо луѓе. На цена е литературата со ПОРАЗЕН ХЕРОЈ.**

Колку што Костов страда за својата бесмртност и бесмртноста на луѓето, на професионално ниво тој страда и за тоа што литературата е немоќна да му помогне на човекот за неговата голема цел: „И тој жив човек треба да влезе во литературата. Нему треба таму нашироко да му се отворат вратите. Неговата идеја таму треба да пламне. но, ете, немаме таква литература, литература-оган која ќе го запали читателот и ќе го инспирира за големи дела. Ние читаме литература од изладени старци или од млади луѓе предвреме остарени. Доста со таквите книги низ кои се влечкаат **ЖИВИ ТРУПОВИ**. Дајте, вие писателите, пишувајте за необични луѓе, дајте пишувајте необични книги. **Ако книгата не е необична, не е книга"**. Дури и Атистотел, тој кој важеше и важи за учител над учителите и многумина кои се идентификувале со него низ историјата морале, и мораат да го влечат истиот „ропски јарем на вратот". – ќе рече Костов.




Идејата за спас на Лазар може да се оствари само ако „Железото најнапред се стопли во огнот на срцето, а потоа да се кова со чеканот на умот. Згасна ли огнот на срцето, тогаш со човекот ќе се случи она што ќе се случи со земјата кога за неа би згаснало сонцето, односно, ако идејата за брутот, што е брут, не е зачната во срцето, туку е произлезена направо од умот ќе доведе до производство на бруќе со кои ќе биде распнат човечкиот син, како што впрочем и беше распнат".

## ДАЛИ Е ВРЕМЕТО ПРОБЛЕМОТ НА СИЗИФ?

Заради своето незнаење на учените луѓе им е тешко отворено да го поставаат прашањето за бесмртноста како прашање за апсолутна слобода на човекот. Тој страв им ги парализира умовите. – Вели Костов. Дури не толку стравот од самата смрт колку стравот од тоа што се објавиле против неа. Тој има пуштено во човекот длабоки корења. Костов го смета стравот за една Сизифовска апсурдна ситуација: „Плашејќи се да не го столчи, па наместо смешен, да испадне трагичен, тргнувајќи се настрана, Сизиф ќе го испуштел од раце каменот откога ке го дотуркал на врвот од ридот за да почне одново да го турка нагоре. Каменот се тркалал надолу за да си го најде своето природно лежиште. Она што тој требало да стори е да го задржи на врвот, односно да го подигне и да го фрли во вселената како камен-темелник на една платформа на која ќе ја организира првата своја небесна човечко-ангелска населба. Овде Костов го искажува својот филозофски поглед на ВРЕМЕТО – МИНАТОТО, ИДНИНАТА И СЕГАШНИОТ МИГ. „Времето на природата е минатото и затоа е малку да се биде филозоф – ерудит, познавач на минатото. Треба да се биде и филозоф-креатор, проектант на иднината. И уште - смел аргонаут кој, ѓловејќи по неизвесното море, ги совладува невозможните пречки што му ги прават боговите кон златното руно... И јасно, како може да се живее среќно според законите на природата, а притоа да се има ум и разум? Значи, без категоријата на бесмртноста - не како апстрактна, а како конкретна цел, не идеалистички сфатена, а материјалистички - остануваат непотполни сите хуманистички филозофски системи и политички програми, затоа што не ја земаат предвид вечноста. Впрочем, и самиот Христос вели: „Сакам да ве направам слободни". И уште подецидно: „Човекот е создаден за живот, а не за смрт". Дојдов до констатација, - продолжува Учителот, дека ВРЕМЕТО е во прашање! Не времето како поетска или како психолошка категорија, туку како ФИЗИЧКА СОСТОЈБА, како состојба на материјата. ВРЕМЕТО КОЕ ТЕЧЕ КАКО РЕКА ВО КОЈА НИЕ СМЕ РИБИ. Времето кое тече и чиј тек прави круг, идеален симбол на кој е нашиот часовник, но сеуште несовршен во своето функционирање. Значи,

нема вакум простори. Се е материја. Нема ништо, се е нештo... Мигот на сегашноста содржи во себе дел од последниот миг на времето што минало и дел од првиот миг на времето што доаѓа. Во својата несовршеност часовниците не го мерат историското време зашто во тој случај ќе го покажуваат и иднотото. Такви часовници им се потребни на луѓето. а тоа ќе рече, потребна им е историска свест за континуирано време што се врти во круг – за идно време што преминува во минато, а ова пак се преобразува во идно, посилно за силата со која иднотo влезе во него и помножено со неговата величина. Штом тоа време го потчинат на својата логика, луѓето лесно ќе го потчинат и на својата волја. „Слободната волја ќе го доведе човекот до бесмртност, а јас, горејќи од љубопитство да видам што има по смртта, се самоубивам во експериментални цели. За тоа што ќе најдам зад граница, ќе изнајдам начин да ви јавам". – беа последните зборови на еден од поранешните ученици на Учителот. Обземени од смртниот страв кој не следи цел живот, ние во животот всушност не живееме, ние умираме... А колку подобро без смртта, таа кралица на вечниот мрак! – ќе извикне Костов. Нему му е доста од мракот. Силно ја посакува светлината на слободниот, вечен и среќен живот на луѓето: „Сите зла на овој свет потекнуваат од нашето сознание дека сме смртни... Тоа сознание е, значи, наша слобода и наше ропство истовремено: наш ден и наша ноќ... Страдале и страдаат, умирале и умираат безброј луѓе. И тоа со какви маки! Меѓутоа, во вечниот живот нема да биде така... Човекот како битие е **capax инфинитум** (нзавршено битие). Часовите на новата наука, како што и самиот ќе рече, се терапевтски сеанси.

## ТОЛКУ РЕВОЛУЦИИ КОЛКУ ШТО ИМА ЛУЃЕ НА ЗЕМЈАТА

**Костов не сака да му робува на злото во себе, на ѓаволот во себе.** Костов зборува за укинување на ропството, укинување на ропството наметнато од сопствениот ум заробен во времето. Планот на Учителот со неговиот ученик Лазар е да го подготви да удри што посилно со **својата десница** по своите предрасуди: **„Да се побуни ропскиот дух во него, да ја исправи тој роб својата глава, да ја подигне својата силна рака и да го одбрани своето вистинско место под сонцето..." Симболиката** што Костов ја користи е за голема почит, а многу е веројатно и самиот во својот творечки жар да станал медиум на духовните учители како што бил и Ниче кој преку Заратустрините беседи стана загатка во филосовската наука до ден денес. Лазар не можеше да се изначуди што се случи со него после средбата со Учителот. Му беше тешко и мачно, почнуваше да се чувствува сам, напуштен, изгубен. Си повторуваше: „Војна е, војна е!" Тоа беше слична војна за која на бојното поле на Курукшетра, Кришна го подготвуваше воинот Арџуна во епот Бхагавад Гита или Песна за Бога. Арџуна требаше да војува против своите најблиски. Лазар тргна по тешкиот пат на вистината заради мајка си, патот кој таа го имаше загубено како Ева што го загубила Рајот. Кришна го поучува Арџуна дека подрага и далеку попотребна е вистината отколку најблиските негови. Дури и учителот не е толку драг во споредба со вистината: „Драг ми е Платон, ама подрага ми е вистината." Како може на таквиот воин да му биде драг и неговиот татко ако овој со животот во него ја внесува смртта. Меѓу таквиот син и татко нема помирување: „затоа не постојат синови и татковци, туку синови и другари". - ќе извика Костов. „Во секој човек има двајца и затоа секој треба постојано да го преиспитува својот однос кон вистината, да се прочистува духовно и душевно и умот да не му робува на заблудите кои му ги наметнуваат современите философи". Само тогаш Споменичкиот светилник до Стоковната куќа среде пазарот ќе почне самиот да свети од себе и ќе го разбие мракот на илјадулетијата. Во тоа ќе му помогне и енергијата на мртвите кои во текот на својот живот копнееле по светлината. Но Костов ја бара светлината и спасот за сите човечки суштества, односно да има толку револуции колку што има човечки суштества на Земјата. Да има толку многу Лазари колку што има човечки суштества затоа што истовремено тоа би значело и второ доаѓање на Исус Христос на Земјата, т.е. вечниот Учител на големата цел „слободниот, вечен и среќен живот на луѓето": „Во напрегнатата тишина можеше да се чуе само како **отчукува часовникот на времето**. **Или не**, тоа беа шумовите што ги предизвикуваше еден **цртач** со **допирот** на својот молив **врз цртачката хартија**. **<u>Цветко Раткин.</u> Еден исклучен студент од Уметничката академија (затоа што не бил талентиран)... Негов модел сега беше токму УЧИТЕЛОТ или МЕСИЈАТА кој на светот уште пред две и повеќе илјади години им ја пренел на луѓето староновата Божја порака: „ПОСИЛНА ОД СМРТТА ЕЉУБОВТА".**

Веднаш откако го прочитав романот му се јавив на авторот и му ги кажав своите најсилни впечатоци, а тој заблагодарувајќи се емотивно ќе ми рече: „Многу сум среќен што токму ти го прочита „Учителот". Сега знам дека не сум повеќе сам".

